# КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во служба на пошироките цели за вработување, социјални политики и политики за млади, образование и обука

Во легислативата и стратешките документи, наизменично се користат термините *професионална ориентација, кариерно советување, кариерен развој* и *кариерно ориентирање*. За термините не се дадени дефиниции бидејќи истите се сметаат за јасни сами по себе. Сепак, во некои од правните и стратешки документи се понудени детали за содржината на овие концепти.

## Институционални капацитети

Во образовниот сектор, Законот за основно образование (2019) се осврнува на професионална ориентација на учениците (член 47). Професионалната ориентација опфаќа помош за учениците и нивните родители да изберат средно училиште во согласност со афинитетите на ученикот. Законот за средно образование (2003) не се осврнува на кариерна ориентација. Законот за стручно образование и обука (2019) само еднаш се осврнува и тоа во член 32, каде како дел од ингеренциите на Центарот за стручно образование и обука се спомнува и „посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учениците во стручното образование и обука“.

Законот за високо образование (2018) вклучува само една одредба за кариерно ориентирање (член 86), според која се бара секој универзитет да основа најмалку еден центар за кариера. Работата на центарот за кариера се уредува со општ акт што го донесува сенатот на универзитетот. Законот за образование на возрасни (2016) во еден наврат се осврнува на кариерна ориентација. Член 36, кадешто се излистани ингеренциите на Центарот за образование на возрасни, вклучува „посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учесниците во образование на возрасните“.

Стратегијата за образование 2018 – 2025, опфаќа „зајакнување на системот за кариерно насочување и советување“ во делот на општи/ заеднички приоритети (стр. 24). Недостигот на кариерна ориентација во основното образование не е вклучен во делот 5.2.2 Предизвици (стр.37), а истиот документ истакнува дека „промовирање на кариерното советување на учениците во (средните) училишта, преку отворање кариерни центри во коишто работат обучени кариерни советници кои се дел од наставниот кадар во училиштата“ е дел од приоритетите во секторот на средно образование (р. 43). Исто така, нагласено е дека „со цел кариерно советување на учениците, во (средните) училишта отворени се кариерни центри во коишто работат обучени кариерни советници кои се дел од наставниот кадар во училиштата“, кои на располагање ја имаат мобилната апликација наречена Батерија

### ОДГОВОРНОСТИ

Министерството за образование и наука (МОН) е одговорно за основните и средни училишта (гимназиски и стручни). На училишно ниво, училишниот директорот е одговорен за оперативните активности на дневно ниво.

Наставниците и училишните психолози се одговорни за кариерно советување во училиштето, во случаи кога истото се одвива.

Универзитетите се автономни. Сенатот на универзитетот е одговорен за кариерно советување.

Образованието на возрасни има вклучено низа актери (претежно приватни) кои се одговорни за програмите кои ги нудат, вклучувајќи и кариерно советување.

Подрачните единиците на Агенцијата за вработување нудат професионална ориентација, индивидуално и групно кариерно советување, помош при барање работа, обука за подготовка на мотивациско писмо и вештини за барање работа.

инструменти за професионална ориентација (БИПО). Кариерни центри и кариерни советници нема во сите стручни училишта. Наставниците работат како кариерни советници се од училишта вклучени во проект финансиран од Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД (стр. 47). Понатаму, стратегијата го идентификува како предизвик недостатокот на кариерни советници во стручните училишта (стр. 48) и како дел од Приоритет III го вбројува „учениците кои завршуваат СОО се оспособени да носат информирани одлуки за образованието или насоката на нивната кариера (стр. 50). Истото го вбројува и како дел од Приоритет III за високото образование (стр. 56). Друг приоритет е „Обезбедување сите училишта за СОО да нудат услуги за кариерно насочување“ (Мерка 3.1, Приоритет 3. Стручно образование и обука) да биде завршен во 2020 год. (стр. 139) и „Воведување услуги за насочување и советување за кариера на сите универзитети“ (Мерка 1.7, Приоритет 1: Високо образование) да биде завршен во 2020 год. (стр. 139 и 146).

Стратегијата за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, подготвена во 2013 година со поддршка од Европската фондација за обука (ЕТФ), вклучува неколку конкретни мерки поврзани со кариерното насочување во стручното образование и обука. Мерка 3 Цел Б2 подразбира извршување евалуација на ефектите од работата на постојните центри за кариера во ССО (да биде завршено во 2014). Мерката 4 исто така под Цел В2 подразбира формирање на 51 центри за кариерно насочување во ССО (стр. 64). Мерката 2 под Цел В3 предвидува да се изврши ревизија на курикулумите во ССО за вклучување на клучни компетенции и вештини за управување со кариера. Во Националната стратегија за вработување на Република Северна Македонија 2016 – 2020 на неколку наврати се спомнува кариерното насочување. Овие се најчесто поврзани со потребата да се подобри системот на информации за пазарот на труд „со фокус на младите лица и зајакнување на кариерното насочување и советување“ (Мерка 1.7 во врска со задолженијата на Агенцијата за вработување, стр. 75). Ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на работна сила за 2020 год., вклучува „професионална ориентација и кариерно советување“ како дел од мерките кои Агенцијата за вработување редовно ги нуди. Краткиот опис открива дека кариерната ориентација опфаќа индивидуално и групно советување. Идентичен опис има и во оперативниот план за 2018 и 2019 година.

Акцискиот план за вработување млади лица 2016–2020 во голема мера се фокусира на кариерно советување. Кариерното советување се поврзува со една од трите стратешки цели на документот: Подобрување на усогласеноста на понудата на вештини со барањата на пазарот на трудот. Кариерното насочување се спомнува како Исход 1.3 од оваа цел:

> Исход 1.3: ***Младите луѓе имаат пристап до квалитетна настава и услуги за кариерно насочување:*** До 2020 година, сите ученици и студенти во Северна Македонија добиваат настава за кариерно насочување во последната година од основното образование и во целиот тек на средното и високото образование. Сите млади лица што се пријавени во Агенцијата за вработување имаат пристап до квалитетни информации за пазарот на трудот; Сите млади лица кои првпат се пријавуваат во АВРМ добиваат групни услуги за кариерно насочување и советување за вработување (кратка обука за подготовка за вработување).

Известувајќи за почетната состојба и за резултатите постигнати под претходниот акциски документ, Акцискиот план за вработување млади лица 2016–2020 истакнува дека:

> Во 2014 година, приближно 50 општи средни училишта нуделе настава за кариерно насочување како изборен предмет (со приближно 4.000 што ја посетувале наставата), додека, пак, 36.000 ученици во средните училишта за стручно образование имале пристап до услугите на центрите за кариерен развој. Наставата за кариерно насочување во средните училишта, сепак, сè уште се нуди врз основа на проекти и не е интегрирана во наставната програма. Овие услуги не ги опфаќаат учениците во последната година на основното образование [...].

Акцискиот план за вработување млади лица 2016–2020 истакнува дека за да се постигне Исход 1.3 потребни се 2 милиони евра во периодот 2016 до 2020 год. Од овој износ, приближно 500.000 евра треба да бидат обезбедени од Министерството за образование и наука за интегрирање на наставата за кариерно насочување во училиштата, додека, пак, АВРМ ќе вложи приближно 1,5 милиони евра за обезбедување информации за пазарот на трудот и услуги за советување и насочување за младите баратели на работа. Акцискиот план 2016–2020 беше ревидиран во 2019 год. Ревидираниот документ ја потврдува релевантноста на Исход 1.3. Тука се нагласува дека

иако бројот на средни училишта кои нудат кариерно насочување се зголемил и изнесува 53, сепак бројот на ученици кои имаат придобивки од оваа услуга е сè уште низок. Нагласено е дека сите невработени млади лица кои се регистрирани во АВРМ можат да добијат информации за пазарот на труд, додека 23% од младите невработени лица можат да добијат услуги за кариерно насочување. Овој низок процент се должи на недостигот на квалификувана работна сила во канцелариите на АВРМ. Ревидираниот акциски план 2016 – 2020 предлага дополнување на Исход 1.3. со следниот пасус: „30 проценти од учениците во средните училишта и студентите на универзитетите имаат пристап до целиот опсег услуги за кариерно насочување“ и „ 30 проценти од сите млади невработени лица што се пријавени во секој центар за вработување имаат пристап до целиот опсег услуги за вработување на АВРМ.

Националната стратегија за млади лица 2016 – 2025 вклучува една клучна референца кон кариерното насочување. Мерката 4 по Цел 2 (промовирање долгорочен и меѓусекторски пристап во поддршка на вработување на млади) предвидува поддршка на општините и високообразовните институции во отворање центри за кариера (стр. 27).

## Организациски капацитети

**Образовни институции**
Иницијативите кои како примарна или секундарна цел го имаат кариерното советување се најчесто повремени, ад хок, и се финансирани од странски донатори. Кариерното советување се спомнува и планира во голем број закони и стратешки документи. Сепак, нема јасни докази за спроведување на овие одредби, особено на оние наведени во стратешките документи. Одредбите од законите, како што е Законот за основното образование и Законот за високото образование се започнати со спроведување неодамна.

Низа пишани документи и интернет страници упатуваат на кариерно советување во средните училишта спроведено од обучени наставници, со помош на информациско-комуникациски алатки. Сепак, повеќето од овие се развиени во рамки на проект финансиран од УСАИД кој се спроведувал пред 5 години. Дел од средните училишта на своите интернет страници имаат секција која се однесува на кариерно советување и нуди информации за нивниот кариерен центар. Најчесто, интернет страниците се неажурирани и нудат оскудни, општи информации. Интернет страницата zanimanja.mk е изготвена од Министерството за труд и социјална политика, со поддршка на Швајцарската агенција за соработка и развој, УСАИД, Фондот за иновации и технолошки развој и Владата. Оваа страница нуди информации за професионална ориентација за широк спектар стручни занимања (квалификации, побарувачка за работна сила, можен приход итн.). Целта на оваа интернет страница е да го подигне интересот за стручното образование. Замислата е да ја помогне професионалната ориентација и нуди квиз за професионална самоевалуација. Страницата не е ажурирана во скоро време.

**Регионални центри на Агенцијата за вработување**
Регионалните центри на АППТ изготвуваат индивидуални планови за вработување за новите регистрирани кандидати. Планот се подготвува на основа на индивидуално интервју со лицето кое бара работа. По интервјуто, лицето се категоризира (на пример, лесно е да се вработи или не е лесно да се вработи), му се нуди советување и по потреба се препраќа до друга институција или обука. Вработените во Агенцијата за вработување најчесто ова не го сметаат за кариерна ориентација. Ваквите индивидуални активности тие претежно ги опишуваат како „индивидуални планови“, „интервјуа“ и „препораки“, а не ги поврзуваат со концептот на кариерна ориентација.

**Проекти**
Спроведени се разни проекти кои вклучуваат кариерна ориентација. Од мали проекти спроведувани од локални граѓански организации, па сè до големи проекти од областа образование кои вклучуваат кариерна ориентација како дополнување на нивниот главен фокус (што може да е

**КУЛТУРА НА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ**

Кариерното советување во училиштата најчесто се фокусира на психолошките аспекти од работата, тестирање итн.

Во однос на соработка и координација, блиската меѓуинституционална и неформална комуникација најчесто се заснова на индивидуално ниво.

На организациско ниво, во однос на кариерното советување, преовладува ставот дека потребно е поврзување на квалификувана работна сила со потребните вештини на пазарот на трудот.

стручно образование или образование на возрасни). Големи проекти за образование финансирани од донатори, особено ЕУ, може да се фокусираат на стручното образование и развивање експертиза. Може да се таргетираат подрачја каде е потребна поголема поддршка. Подетални информации за неколку проекти се дадени во Прилог 1 кон овој документ.

Кариерната ориентација ќе биде дел од темите на два проекти финансирани од ЕУ (за чие зпроведување се ангажирани организации по договор) кои во моментов се во подготовка и се очекува да започнат набрзо. Првиот од нив е „Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на СОО и образованието за возрасни" ("Increasing attractiveness, inclusiveness and relevance of VET and adult education" (Europe (non-EU)/Republic of North Macedonia, EuropeAid/140265/IH/SER/MK). Со буџет од 2.3 милиони евра, овој проект се фокусира на развој, надградба и спроведување на процедури за валидација на неформалното и информалното учење како значаен чекор кон обезбедување квалитет во образованието за возрасни, развој и спроведување програми во високото образование, како и усогласување на националниот систем за СОО и образование за возрасни со Европската рамка за осигурување на квалитетот во стручното образование и обука (EQAVET). Процесот на валидација вклучува и кариерна ориентација која треба да се спроведува од страна на советници.

Програмата за реформи во секторот „ЕУ за младите" (SRPC EU for Youth) има буџет од 16.5 милиони евра и се очекува да започне кон крајот на 2020 год. Програмата за буџетска поддршка во секторот (прва од овој вид во државата) има за цел реформи во СОО и спроведување на Гаранцијата за млади, со посебен осврт на млади лица кои не се вклучени во процес на образование, не се во евиденција на невработени лица во АВРМ и не се вклучени во некои обуки. Кариерното водство е вклучено како релевантно прашање и на истото му се посветува доста внимание во рамки на оваа програма.

## Индивидуални капацитети

**Практичари во образовниот систем**

Изминати активности кои се спроведувале на проектно ниво и промовирале кариерно советување во училиштата, најмногу се фокусирале на психолошкиот аспект од оваа проблематика. Во многу од училиштата, улогата на кариерен советник ја презема училишниот психолог, најверојатно поради оперативни причини.

Практичарите главно се фокусираат на психо-социјалните аспекти во однос на емоционалната подготвеност на индивидуата (баратели на работа и работници) и индивидуалната подготвеност за процесот за барање работа, вклучително подготовка на CV, пропратни писма за мотивација и подготвеност за интервју. Тестирање на индивидуалните вештини и таленти исто така се вбројува како важен дел од кариерна ориентација.

**КУЛТУРА НА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ**

Постојат неформални мрежи кои се важни за ефективна размена на информации, особено во помалите заедници.

**Практичари во регионалните центри на Агенцијата за вработување**

Работата која содржи елементи на кариерно водство, практичарите не ја категоризираат под кариерна ориентација. Ова е јасен индикатор за ниското ниво на свесност за концептот.
Потенцијални области за зајакнување на кариерното водство се: спроведување на заложбите за кариерна ориентација кои се наведени во стратешките документи; зголемена професионализација на практичарите кои се бават со кариерно советување со проширување на претходните активности и обуки кои се спровеле како дел од мали краткорочни проекти; и воведување систем за осигурување квалитет со што ќе се обезбедат податоци за тоа како кандидати од различна возраст носат одлуки поврзани со кариера или кои се потребите за услуги за кариерно водство.

# ПРИЛОГ 1: ПРИМЕРИ ОД ДОБРА ПРАКСА

**НАСЛОВ: NASOCI.ME (Насочи.ме)**

Проектот е имплементиран од невладината организација СмартАп - Лабораторија за социјални иновации (https://www.innovationlab.mk) и се фокусира на кариерно информирање. Во рамки на проектот, подготвени се кратки видеа со јавни личности кои споделуваат совети за кариерна ориентација. Ова е мал проект и е финансиран од Град Скопје.
На интернетстраницата на организацијата стои информација дека кариерното водство во средните училишта го водат 180 наставници и стручни соработници кои се обучени кариерни советници. Има објавено и листа на наставници – кариерни советници во средните училишта низ државата (https://nasoci.me/wp-content/uploads/2019/12/bipo-career-counselors.pdf). Интернет страницата нуди и насоки за користење на мобилната апликација БИПО, објаснето преку неколку официјални документи (средношколците треба да побараат код од својот кариерен советник и да се најават во системот). Сепак, линкот до оваа услуга води до страницата на МОН (http://www.bipo.mon.gov.mk/) и истиот не беше во функција во време на спроведувањето на оваа студија на 23 октомври 2020. Не е јасно наведено колку кариерно водство спроведуваат обучените наставници во училиштата. Податоците за обучени кариерни советници упатуваат кон претходно завршен проект финансиран од УСАИД.

**НАСЛОВ: ПРОМОВИРАЊЕ НА НЕФОРМАЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА МЛАДИТЕ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ПРЕКУ ВЕБИНАРИ (ФИНАНСИРАН ОД ERASMUS+)**

Проектот „Промовирање на неформалното образование на младите во Југоисточна Европа преку вебинари" (2015 – сè уште во тек) го спроведува Девелопмент солушнс (ДеСо), со финансиска поддршка на програмата Еразмус+ на Европската комисија. Проектот се спроведува повеќе од 6 години и истиот ги промовира придобивките на образованието преку вебинари уште пред таквото образование да стане неизбежен дел од нашето секојдневие. Проектот подготвува и спроведува вебинари со обуки на теми релевантни за младите луѓе. Темите се поврзани со пазарот на работна сила, вештини за барање работа, подготовка на CV и подготовка за интервјуа за работа. Дополнителни информации за проектот на: www.prowebsee.org.

# ПРИЛОГ 2: ЛИСТА НА РЕФЕРЕНЦИ


Закон за основното образование. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 161/2019

Закон за средното образование. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003

Закон за стручно образование и обука. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14, 145/15, 55/16, и 64/18, 275/19

Новиот Закон за високото образование. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/2018

Закон за образование на возрасните. Службен весник на Република Северна Македонија бр. 07/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016